Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:28.12.2023 16:14:52
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

Број 284 | 28 декември 2023, четврток | година LXXIX

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk

СОДРЖИНА

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4941. | **Закон** за изменување на Законот за поштенските услуги.................................. | 2 |
| 4942. | **Закон** за дополнување на Законот за странци .................................................... | 3 |
| 4943. | **Одлука** за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението................ | 4 |
| 4944. | **Одлука** за помилување на осудени лица по повод Новата 2024 година.... | 4 |
| 4945. | **Одлука** за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина– травертин на локалитетот „Свиларе", с.Свиларе, Општина Сарај .................... | 5 |
| 4946. | **Одлука** за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје ............................ | 5 |
| 4947. | **Одлука** за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања ... | 6 |
| 4948. | **Одлука** за одбивање на барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за транспорт, градежништво, трговија и услуги Дукас компани Миче ДООЕЛ експорт-импорт, Долно Косоврасти Дебар на локалитетот „Венец", Општина Дебар ........... | 6 |
| 4949. | **Одлука** за давање на согласност на Правилникот за начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг на антимикробната отпорност и мерките кои се преземаат во случај на сомнение и на позитивен наод на антимикробната отпорност и општите и посебните барања и услови и активности кои треба да ги исполнат и спроведат операторите со храна за спречување и елиминирање на појавата на антимикробна отпорност, начинот на следење, превентива и контрола на антимикробната резистенција кај животните (*)........... | 6 |
| 4950. | **Одлука** за одбивање на Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Производно трговско друштво Голеш транс експорт-импорт ДООЕЛ с.Желино Желино на локалитетот „Сиричино", Општина Јегуновце................ | 7 |

Стр.

4951. **Одлука** за одобрување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2022 година ........ 7
4952. **Одлука** за продажба на движни ствари ........ 7
4953. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Радовиш ........ 8
4954. **Одлука** за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Папради Волковија", Општина Брвеница ........ 9
4955. **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мисии и операции во НАТО координирани здружени сили за задача со многу висока готовност – NATO Very High Readiness Joint Task Forces (Land) ........ 9
4956. **Решение** за изменување на Решението за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија ........ 9
4957. **Решение** за престанок на должноста извршител ........ 10
4958. **Одлука** за одземање на Дозволата за радио емитување на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ ........ 10

Стр.

4959. **Правилник** за престанување на важењето на Правилникот за формата и содржината, како и начинот на издавањето и одземањето на легитимацијата ........ 18
4960. **Правилник** за изменување на Правилникот за начинот и постапката за регистрација на физички и правни лица кои вршат увоз и/или повторен извоз и формата и содржината на евиденцијата на увоз и/или повторен извоз ........ 18
4961. **Правила** за изменување на Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем ........ 20

**Меѓународни договори**

32. **Закон** за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Блаце-Елез Хан" и „Јажинце-Глобочица" ........ 2
33. **Закон** за ратификација на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска ........ 32
34. **Закон** за ратификација на Спогодбата за дополнување на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска ........ 153
**Огласен дел** ........ 1-188

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

4941.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ

Се прогласува **Законот** за изменување на Законот за поштенските услуги,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-6756/1 | Претседател на Република |
| 27 декември 2023 година | Северна Македонија, |
| Скопје | **Стево Пендаровски**, с.р. |

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" број 227/22), во членот 4 став (1) зборовите: „декември 2023 година" се заменуваат со зборовите: „декември 2024 година".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR SHËRBIME POSTARE

Neni 1

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për shërbime postare ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 227/22), në nenin 4 paragrafin (1) fjalët: "dhjetor 2023" zëvendësohen me fjalët: "dhjetor 2024".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

---

4942.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАНЦИ**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за странци,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2023 година.

Бр. 08-6757/1
27 декември 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАНЦИ**

Член 1

Во Законот за странци (*) („Службен весник на Република Македонија" број 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19 и 294/21), по членот 223 се додава нов член 223-а, кој гласи:

„Член 223-а

(1) Лицата под меѓународна заштита во Република Северна Македонија или лица на кои им престанала заштита во земјава, кои како преостанати лица бегалци од Косовската криза од 1999 година сѐ уште се присутни на територијата на Републиката и нивните деца, со денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се стекнат со право на постојан престој во Република Северна Македонија ако во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон поднесат барање за одобрување постојан престој.

(2) На лицата на кои им престанала заштитата од ставот (1) на овој член им се одобрува постојан престој, доколку пред поднесувањето на барањето за одобрување постојан престој непрекинато престојувале на територијата на Република Северна Македонија.

(3) Условот за непрекинат престој во Република Северна Македонија од ставот (2) на овој член се смета дека е исполнет ако лицето во периодот од престанокот на меѓународна заштита до денот на поднесување на барањето за постојан престој не престојувал надвор од Република Северна Македонија три последователни месеци или во временски период кој во вкупно времетраење не надминува шест месеци и повторно се вратил во земјава.

(4) Лицата од ставот (1) на овој член е потребно да достават доказ издаден од Министерството за внатрешни работи дека сѐ уште се под заштита во Република Северна Македонија или дека заштитата им престанала во земјава, но ги исполнуваат условите предвидени во ставовите (2) и (3) на овој член.

(5) За лицата од ставот (1) на овој член не важат одредбите од членот 130 од овој закон, освен одредбата од ставот 1 алинеја 6.".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TË HUAJ**

Neni 1

Në Ligjin për të huaj(*) ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 97/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 108/19 dhe 294/21), pas nenit 223 shtohet neni i ri 223-a si vijon:

"Neni 223-a

(1) Personat nën mbrojtje ndërkombëtare në Republikën e Maqedonisë së Veriut ose personat të cilëve u ka pushuar mbrojtja në vend, të cilët si refugjatë të mbetur nga kriza e Kosovës e vitit 1999, janë ende të pranishëm në territorin e Republikës dhe fëmijët e tyre, me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji do të fitojnë të drejtën e qëndrimit të përhershëm në Republikën e Maqedonisë së Veriut, nëse në afat prej një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji paraqesin kërkesë për miratimin e qëndrimit të përhershëm.

(2) Personave të cilëve u ka pushuar mbrojtja nga paragrafi (1) i këtij neni ju miratohet qëndrim i përhershëm, nëse para paraqitjes së kërkesës për miratimin e qëndrimit të përhershëm kanë pasur qëndrim të vazhdueshëm në territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

(3) Kushti për qëndrim të pandërprerë në Republikën e Maqedonisë së Veriut nga paragrafi (2) i këtij neni konsiderohet se është plotësuar, nëse personi në periudhën nga ndërprerja e mbrojtjes ndërkombëtare deri në ditën e paraqitjes së kërkesës për qëndrim të përhershëm, nuk ka qëndruar jashtë Republikës së Maqedonisë së Veriut tre muaj të njëpasnjëshëm ose në periudhë kohore që në kohëzgjatje të përgjithshme nuk tejkalon gjashtë muaj dhe sërish është kthyer në vend.

(4) Personat nga paragrafi (1) i këtij neni është e nevojshme të dorëzojnë dëshmi të lëshuar nga Ministria e Punëve të Brendshme se ende janë nën mbrojtje në Republikën e Maqedonisë së Veriut ose se mbrojtja ju është ndërprerë në vend, por i plotësojnë kushtet e parapara në paragrafët (2) dhe (3) të këtij neni.

(5) Për personat nga paragrafi (1) i këtij neni nuk vlejnë dispozitat e nenit 130 të këtij ligji, përveç dispozitës nga paragrafi 1 nënparagrafi 6.".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".